СЦЕНАРИО ЗА ОРИГИНАЛЕН ТВ ФИЛМ

# “САМО ЕДЕН ДЕН”

Од

**Загорка Поп-Антоска**

1. ЕНТ. ТРОТОАР – ДЕН

Врнежлив ден.
ВЕНКО, 33 год. со качкет на главата, излегува од еден мини маркет, со кеса намирници. Мирно чекори по тротоарот.
Венко се сретнува со една БАБА, дотерана, нашминкана.

БАБА:
Венко, ти си?

ВЕНКО:
Јас.

БАБА:
Си дојде!? Фала Богу, добро изгледаш!

ВЕНКО:
Брзам. Извинете.

БАБА:
(довикува)
Поздрави ја мајка ти.

Венко заминува со нешто побрз чекор.
Има карактеристичен од.

2. ЕКСТ. ПРЕД МААЛСКО КАФЕ – ДЕН

Истиот дождлив ден.
МИРКА, 33 год. релативно дебела, со големи гради, енергична, ги дига заштитните решетки на маалски кафич.
На стаклата некој плукал.

МИРКА:
Пичка ви матер! Џукели.

Става клуч во бравата.
Влегува.
Се враќа со крпа и средство за чистење со прскалка.
Прска на местото каде што има плуканица. Трие со крпата.

МИРКА:
Пичка ви матер.

Протрчуваат 3 МОМЧИЊА, од 6-7 години, со ташните на рамо.

ПРВО ДЕТЕ:
Мирка свирказааа!!!

ВТОРО И ТРЕТО:
Мирказаа свирказааа…

3 МОМЧИЊА оттрчуваат.

МИРКА:
(на децата) Само ако ве фатам!
(потивко) Да и се фатите вие на
Мирка за свирката.

3. ЕНТ. ВЛЕЗ ОД ЗГРАДА – ДЕН

Венко влегува во влезот. Застанува пред лифтот. Лифтот не доаѓа. Тропа на вратата со клуч. Повторно не доаѓа. Венко тргнува пешки.

4. ЕКСТ. КЛУПА ВО ПАРК – ДЕН

СТЕВИЦА, 35 год. издрогиран, пропаднат човек, парталаво облечен, витка цигара од тутун. Рацете му се тресат. Го прави тоа педентно, но цело време тутунот му се растура.

СТЕВИЦА:
Да ти'бам!

Се обидува пак. Не може да ја свитка.

СТЕВИЦА:
Да ти'бам, да ти'бам!!!!

Ја фрла цигарата на земја и ја гази хистерично.
Тргнува да си оди.
На клупата останува една подовената ружа.
Се враќа по неа.
Ја зема.

5. ЕНТ. ВЛЕЗ – ДЕН

Венко се искачува по скалите. Стигнува пред својата врата.
Отклучува.

6. ЕНТ. СТАН НА ВЕНКО - ДЕН

Венко влегува во станот. Тоа е просечно уреден еднособен стан, за самец.
Ја остава вратата зад себе отворена.
Го отвара фрижидерот.
Ги става намирниците таму.
Му текнува дека нешто заборавил да купи.

ВЕНКО:
У пичку матер!

Го отвара паричникот, проверува колку пари има.
Излегува.

7. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – ДЕН

Кафулето е сосема празно.
Вратата е оставена да се проветри.
Мирка ги пребришува сите маси. Прска на секоја со средството со прскалка.
Се враќа кај шанкот.
Се наведнува под шанкот, да го врати средството со прскалка.
Тоа паѓа, ги турка сите средства за чистење. Мирка ги реди.

МИРКА:

Стој бе. Да ви и’бам мамата.
Сите ќе ве фрлам.

Мирка се исправува.
Еден човек, ИЛИЈА, 35 год. дотеран, стои на шанкот.
Мирка се изобличува во лицето од шокот што тој е пред неа.
Не може ништо да проговори.

ИЛИЈА:
Добар ден.

8. ЕКСТ. ТРОТОАР – ДЕН

Венко излегува од влезот. Се движи со спокоен чекор. Ја наведнува главата, за да се заштити подобро. Ги забрзува одот.
Од спротива се движи една жена. Го навалува чадорот за да се заштити подобро.
Не се гледаат еден со друг. Одат точно еден на друг. За да не се судрат, Венко оди лево, и таа лево, тој десно таа десно.

ВЕНКО:
Се извинувам.

Таа го дига чадорот. Го погледнува.
Тој ја погледнува. Се здрвува.
Неа чадорот и се навалува сосема station наназад. Дождот и лие по лицето.
Тоа е ЗОРИЦА, 32 год.

ВЕНКО:
Зорица.

Венко и го враќа чадорот да и го покрива лицето.

ЗОРИЦА:
Слушнав дека си излегол.

ВЕНКО:
Ќе те побарав… ми треба малку
време да се средам.

Таа го гушнува силно, вистински.
Тој одговара на прегратката сп прегратка, но неговата е несигурна, плашлива, со резерва, со непријатност.

ВЕНКО:
Морам да одам.

9. ЕНТ. ВЛЕЗ ОД ДРУГА ЗГРАДА – ДЕН

Стевица влегува во влезот. Се погледнува како изгледа. Забележува дека му се тресат рацете. Ги стиска дланките, мислејќи дека така ќе престанат. Во едната рака ја носи ружата.
Се качува на првиот спрат. Застанува пред вратата што е одма до скалите.
Стевица со прстот притиска на ѕвончето.

10. ЕНТ. СТАНОТ НА ВЕНКО – ДЕН

Венко лежи на креветот.
Пуши цигара.
Пепелникот му е на градите.
Во раката го држи паричникот.
Со мислите е на некое друго место.

11. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – ДЕН

Илија стои на шанкот.
Мирка гледа во него.
Тој во неа.

ИЛИЈА:
Сакав да те видам.

После подолг молк.

МИРКА:

Мислиш дека имаш право на тоа?

Илија молчи. Ја наваднува главата.

FLASH BACK

12. ЕНТ. СКОПСКИ АЕРОДРОМ – ДЕН

ИЛИЈА, 28 год. дотеран, со скап куфер чека ред да го предаде багажот.
Звук на НЕГОВИОТ МОБИЛЕН.
Тој го прекинува повикот.
Илија го чекира пасошот.
Телефонот повторно ѕвони.
Тој го прекинува повикот.
Телефонот ѕвони.
Тој го исклучува телефонот.

КРАЈ НА FLASH BACK

ИЛИЈА:
Така беше најлесно.

МИРКА:
Оттогаш мразам кога ќе исчезне некој и на два дена, мислам дека никогаш нема да се врати.

ИЛИЈА:
Жал ми е.

МИРКА:
Мислиш дека можеш да исчезнеш кога ќе ти текне, и пак да се појавиш како ништо да не било… не остави ни ливче, ни порака, без збогум, без чекај ме ќе се вратам, без не ме чекај

нема да се вратам… и ни една разгледница за седум години.

ИЛИЈА:
Не сакав да ме чекаш. (мала пауза) Како и да е….

Тргнува да излезе.

МИРКА:
Каде одиш?

ИЛИЈА:
Кај Венко.

МИРКА:
Застани, не знаеш некои работи.

Мирка зема едно шише алкохол и две чаши.
Ги става чашите една карши друга на шанкот.
Илија се враќа. Седнува пред чашата.
Мирка сипува.

13. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Убаво уредена дневна соба.
АНА, 33 год. во убава домашна гардероба, пегла машка кошула. Ја подига да види дали е добра. Па продолжува со пеглањето.
Звук на SВОНЧЕ.
Ана погледнува на саатот.
Тргнува да отвори.

14. ЕНТ. СЛИКАРСКО АТЕЉЕ – ДЕН

Зорица лежи на подот. Околу неа има бои, четки, скици.
Пуши џоинт. Во едната рака држи безжичен телефон.
Со мислите е на некое друго место.
Ја подига слушалката. Притиска на редиал.
Звук на ТЕЛЕФОН КОЈ БИРА.

ИНТЕРЦУТ:

15. ЕНТ. СТАНОТ НА ВЕНКО – ДЕН

Венко лежи на креветот.
Звук на ТЕЛЕФОНОТ НА ВЕНКО.
Венко срипува.
Паричникот паѓа на креветот и и се отвара.
ФОТОГРАФИЈА: ‘Венко и Зорица, на 17 год., Венко и прави “уши” на Зорица.’

ВЕНКО:
Да!

FLASH BACK

16. ЕНТ. ГРАДИНКА – НОЌ

Венко, 6 год. се држи за рака со МАЈКА МУ.

Приоѓа Зорица, 5 год.

ЗОРИЦА:
(на Мајка му)
Јас не можам да дишам од Венко. Ич не можам да дишам. Цело време оди по мене.

МАЈКАТА:
Ама он те сака.

ЗОРИЦА:
Знам дека ме сака, ама јас не го сакам.

Се приближува ТАТКОТО на Зорица, 30 год.

МАЈКАТА:
(на Зорица)
А ти на татко ти си му кажала дека Венко оди по тебе?

ЗОРИЦА:
Да, (на татко и) Венко оди по мене. Цело време. Јас не можам да дишам.

ВЕНКО:
(на Зорица)
Ама јас те сакам.
(на Таткото)
Ама чичко јас ја сакам.

КРАЈ НА FLASH BACK

ЗОРИЦА:
Јас сум.

ВЕНКО:
Мора нешто да ти кажам.

17. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – ДЕН

Мирка и Илија еден карши друг на шанкот.
Ги подигаат чашите еден кон друг.
Мирка ја пие на екс.

МИРКА:
Венко го уби татко и на Зорица.

ИЛИЈА:
Мислиш Јанко!?

МИРКА:
Јанко.

Илија останува без зборови.

МИРКА:
Не направи голема штета.

Си сипува уште една чашка.

18. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Ана ја отвора влезната врата.
Пред вратата стои Стевица.

СТЕВИЦА:
Здраво.

АНА:
Здраво.

Ана како здрвена стои на вратата.

СТЕВИЦА:
Може да влезам?

АНА:
Се спремам да излегувам.

СТЕВИЦА:
Извини.

Се врти. Тргнува да си оди.
Ана ја забележува ружата. И паѓа жал.

АНА:
Стеф, можам и да закаснам малце… ќе направам кафе.

Стевица се колеба. Влегува.
И го подава цветот, без збор.

АНА:
Фала.

19. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – ДЕН

Мирка и Илија седат на масата.

МИРКА:
Се ожени?

Илија клима со главата.

МИРКА:
Срекен си бар?

Се обидува да го контролира трепетот во гласот.

ИЛИЈА:
Се разведовме. Пред 4 години. Само година и пол бевме заедно. Не ни одеше.

20. ЕКСТ. ТРОТОАР – ДЕН

Венко чекори по тротоарот.

FLASH BACK

21. ЕНТ. СОБАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

На штафелај покрај креветот на Зорица стои слика на која е нацртана сексуална сцена “Секс на трпезариска маса”.

Зорица, 25 год. му лежи на стомакот на Венко.
Венко, 26 год. ја гали по косата и по лицето.
Запира на раната на устата, камуфлирана со шминка. Ја пипка на местото.
Зорица му ја трга раката.

ЗОРИЦА:

Сакам да сум на некое друго место во некое друго време. Не сум за тука. Не припаѓам тука. (мала пауза) Сакам некој да ме сака, онака вистински.

ВЕНКО:
Јас те сакам, онака, вистински.

ЗОРИЦА:
Знам.

Зорица потстанува. Го бакнува во образ.

ЗОРИЦА:
Треба да си фатиш девојка.

КРАЈ НА FLASH BACK

Венко чекори по улицата. Почнува да тура дожд.
Тој го забрзува одот, речиси трча.

22. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Стевица седнува на троседот. Троседот е светла боја. Тој е нагласено внимателен. Има чувство дека би го извалкал.

АНА:
Со три лажички шеќер, нели?

Стевица клима со главата.

СТЕВИЦА:
Убаво е тука. Многу е убаво.
Не е тука… маж ти?

АНА:
Иван. На пат е. Ќе си дојде утре.

СТЕВИЦА:

Убаво е тука. Многу е убаво.

23. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – ДЕН

Илија ја допива последната голтка од пијачката.
Ја остава чашата на шанкот.

ИЛИЈА:
Може попладне да ти се јавам за
да одиме некаде на вечера?

Мирка го погледнува.

24. ЕНТ. ВЛЕЗ ОД ТРЕТА ЗГРАДА – ДЕН

Венко се качува по скалите. Застанува пред една врата. Ја подава раката за да заѕвони.

FLASH BACK

25. ЕНТ. ПРЕД ВЛЕЗНАТА ВРАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

Венко, 26 год.  само чукнува два пати, и ја фаќа кваката.
Отворено е. Влегува.

26. ЕНТ. ДНЕВНАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

Венко влегува. На трпезариската маса ја остава кесата со храна.

ВЕНКО:
Зорица!

Се упатува кон собата на Зорица.

27. ЕНТ. СОБАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

Собата е во неред. Сите работи се на земја, штафелајот е турнат. Сликата е скината. Една четка е фрлена на подот, скршена на две.
На подот, покрај ѕидот, седи Зорица. Облечена е во мини тексас сукња. Седи со свиткани колена. И се гледаат гаќичките. На бутовите има црвенило како од прсти.
Со рацете го крие лицето. Плаче.

ВЕНКО:
Што се случило?

ЗОРИЦА:
Остави ме.

ВЕНКО:
Што се случило!?

ЗОРИЦА:
Сакам да си одиш.

Венко седнува покрај неа. Сака да ја прегрне.

ЗОРИЦА:
Тргни се!

Венко од подот ја зема сликарската четка, скршена на две.

FLASH BACK

28. ЕКСТ. КЛУПА ПРЕД ВЛЕЗ – ДЕН

Венко, 14 год. и Зорица, 13 год. стојат пред влезот.
Венко го симнува ранецот од грб и бара нешто внатре.
Вади мала четка, професионална.
И ја подава.

ЗОРИЦА:
Вистинска е?

ВЕНКО:
Да. За тебе е.

ЗОРИЦА:
Имам вистинска!

ВЕНКО:
За вистински уметници…

Зорица со двете дланки му ја фаќа главата и почнува да го бакнува насекаде по лицето.

КРАЈ НА FLASH BACK

ВЕНКО:
Дали ова често се случува?

ЗОРИЦА:
Оди си.

ВЕНКО:
Дај да видам.

ЗОРИЦА:
Не може!

Венко и ги фаќа рацете, на сила и ги раздвојува.
Лицето на Зорица е крваво и помодрено.

ЗОРИЦА:
Сакам да бидам сама! Разбираш!!!!

Зорица плаче на глас.

КРАЈ НА FLASH BACK

Зорица, ја отвара вратата.

ВЕНКО:
Не го убив јас.

ЗОРИЦА:
Знам. Влези.

Венко се здрвува од природноста со која Зорица го кажува тоа.
Во очите му се чита сомнежот што му прелетува.

29. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – ДЕН

Мирка на прозорецот од внатре.
Со поглед го следи Илија, надвор, кој се одалечува.
Мирка одднаш почнува да плаче. Си го покрива лицето со рацете.

FLASH BACK

30. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – НОЌ

Кафулето е празно.
Мирка, 26 год. енергично го брише шанкот. По лицето и течат солзи.
Влегува ИВАН, 26 год, другар на Мирка.
Иван влегува во шанкот. И се приближува на Мирка која не престанува да брише. Ја гушнува силно. Со двете дланки ја милува по грбот.
Мирка ја испушта крпата. Го крие лицето во него.
Звук: Мирка плаче на цел глас.

МИРКА:
Замина.

ИВАН:
Јас сум ти секогаш тука.

Влегува Венко, 26 год. Малку се сепнува.

ВЕНКО:
(на Иван)
Ќе те почекам во кола.

ИВАН:
Сега ќе дојдам.

КРАЈ НА FLASH BACK

31. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Стевица од џеб го вади тутунот. Се обидува да си завитка цигара.
Влегува Ана. Носи две шољи кафе.
На Стевица му се тресат рацете. Не може. Се воздржува да на пцуе.

АНА:
Сакаш јас?

Ана му ја зема кесичката тутун од рацете.
Седнува од спротива. Витка.
Стевица ја гледа во рацете.

32. ЕНТ. СТАНОТ НА ЗОРИЦА – ДЕН

Дневната соба.
Венко седнува со палтото, кое му е речиси мокро.
Зорица оди зад него. Му го соблекува.

ЗОРИЦА:
Мокар си.

ВЕНКО:
Го соблекуваш убиецот на татко ти.

ЗОРИЦА:
Јанко не ми беше татко.

Венко клима со главата. Ова не е нова информација за него.

ЗОРИЦА:
Имав многу причини да го мразам.

FLASH BACK

33. ЕНТ. ДНЕВНАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

Дневна соба со трпезерија.
ЗОРИЦА, 25 год. во ноќница, влегува во дневната соба со празна чаша вода.
ЈАНКО, 45 год., на трпезариската маса, со спуштени пантолони ебе една ЗГОДНА ЖЕНА, 30 год.
Згодната Жена ја забележува Зорица како ги гледа.
Зорица не реагира никако. Излегува.

ЗОРИЦА (ОФФ):
После сообраќајката на моите, тој беше највнимателен со мене. Беше друг човек. Потоа стана најисфрустрираното, најболното, највалканото и најнасилното суштество.

34. ЕНТ. СОБАТА НА ЗОРИЦА – ДЕН

Следниот ден.
Зорица слика. Ја слика сексуалната сцена што ја виде меѓу Јанко и Згодната жена.
Влегува Јанко. Поспан.

ЈАНКО:
(за сликата)
Што е ова?

ЗОРИЦА:

Трпезариската маса на која јадеме.

ЈАНКО:
Немој да ми се правиш паметна!

ЗОРИЦА:
Сакам да си заминеш.

ЈАНКО:
Сакаш што!?

ЗОРИЦА:
Сакам да се спакуваш, и да си заминеш! Каде знаеш!

ЈАНКО:
Молам!?

Зорица се врти кон него.

ЗОРИЦА:
(Викајќи)
Не сакам да живеам со тебе, гаду! Јасно ти е! Јас и ти не сме ништо. Ова е мојот дом! И ти си одиш!

Јанко и мава шамар. Од устата и потекува крв.

ЗОРИЦА:
Ова е станот на мајка ми и татко ми. Си најдов адвокат.

Јанко и мава уште еден шамар.
Јанко излегува.

35. ЕНТ. СОБАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

Два дена покасно.
На штафелај покрај креветот на Зорица стои слика на која е нацртана сексуалната сцена “Секс на трпезариска маса”.

Зорица, 25 год. му лежи на стомакот на Венко.
Венко, 26 год. ја гали по косата и по лицето.
Запира на раната на устата, камуфлирана со шминка. Ја пипка на местото.
Зорица му ја трга раката.

ЗОРИЦА (ОФФ):
Трагите го криев со шминка. Многу шминка.

КРАЈ НА FLASH BACK

Венко седи.
Зорица принесува шише алкохол.

ВЕНКО:
Значи ти го уби.

36. ЕКСТ. МААЛСО КАФЕ – ДЕН

Мирка го заклучува кафето. ЕДЕН МУШТЕРИЈА и се приближува.

МУШТЕРИЈА:
Мирке, кај си тргнала…

МИРКА:
Земам слободен ден Ставре. Ќе се видиме утре.

МУШТЕРИЈА:
Глеј да е нашто важно.

МИРКА:

Не знам дали е важно. Ништо не знам.

Мирка заминува со брз чекор. Речиси трча.

37. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Стевица зема дим од цигарата.

СТЕВИЦА:
Никад не ми се треселе рацете ко сега, увек имав најбољи погодок… Бољи од сите…

Си ги гледа рацете. Пак му се тресат.

СТЕВИЦА:
Глупаво.

FLASH BACK

38. ЕНТ. СПАЛНА СОБА – ДЕН

Единечен кревет во соба. На ѕидовите се залепени Џет Ли, Силвестерн Сталоне, во “Рамбо”, Шварценегер, Џеки Чен, и други “славни” тепачи.

Од креветот станува Стевица, 26 год. ултра згоден, во припиени боксерици. Застанува покрај креветот, прави вежби што ги напнуваат неговите прекрасно диференцирани мускули.

АНА (ОФФ):
Треба да припазиш на здравјето,
не сме више деца…

СТЕВИЦА (ОФФ):

Абе тоа е и до друштвото… Треба у недела да се иде на Водно, убаво е тоа, квалитетно… разбираш… али оние знаеш… онакви џукели, само на фикс се… знаеш… ни муабет не праат… А Водно е супер.

КРАЈ НА FLASH BACK

СТЕВИЦА:
Убаво е тука… ептен е убаво…

АНА:
Ти кога ќе се жениш?

СТЕВИЦА:
Уште не сум се заљубил. Слабо излагам… А убаво е знаеш, ова… ко тебе… домашна атмосфера… бонбона…

FLASH BACK

39. ЕНТ. СОБАТА НА АНА – ДЕН

АНА, 24 год. завалена на креветот, пуши цигара. Прозорецот зад неа е отворен.

Звук на ЅВОНЧЕ.

Ана ја остава цигарата на надворешната страна на прозорецот.
Со рацете мафта да излезе димот.

40. ЕНТ. ХОДНИК ВО СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Ана ѕирка низ клучалката. Го гледа Стевица. Стевица е облечен во својата полициска униформа.

Ана отвара.
Стевица влегува. Страсно ја бакнува.
Ана ја затвара вратата, ја заклучува.
Стевица додека ја бакнува, и ја фаќа дланката и и ја става на шлицот.

Ана го пипка.

АНА:
Мрднат!

Тој ја дига и ја фрла на креветот.

CUT НА:

41. ЕНТ. СОБАТА НА АНА – ДЕН

Стевица комплет облечен се држи за кваката.
Ја бакнува Ана.

СТЕВИЦА:
Те сакам.

АНА:
И јас.

СТЕВИЦА:
Не ручај. Ќе одиме на тортелини.

АНА:
Ок. Јави ми се.

Стевица излегува. Ана го плеснува по задникот.

КРАЈ НА FLASH BACK

Ќ

42. ЕКСТ. ПРЕД ДУЌАН ЗА ГАРДЕРОБА – ДЕН

Мирка излегува од една продавница за гардероба со неколку огромни кеси за облека.
Брза.
Една солза и капнува по лицето.
Ја брише.
И тргнуваат рој солзи по лицето. Ги брише со насмевка.

43. ЕНТ. СТАНОТ НА ЗОРИЦА – ДЕН

Зорица вади бел лист хартија. Марихуана и ризли.
Ги остава пред Венко на масата.

ЗОРИЦА:
Ти смета?

ВЕНКО:
Не… ама што ќе ти е тоа?

ЗОРИЦА:
Ме опушта...

Зорица меша тутун со марихуана.

ЗОРИЦА:
Не го убив јас. Сакав, ама не го убив.

FLASH BACK

44. ЕНТ. ХОДНИК ВО СТАНОТ НА ЗОРИЦА – ДЕН

Ѕид од ходник. На ѕидот висат 4 скапи слики. Сликите подрипнуваат на ѕидот.

Стевица, 26 год. во полициска униформа, само со откопчани пантолони, има секс со Зорица, 25 год, во мини сукња.
Гласни воздишки, што наликуваат на врисоци.

45. ЕКСТ. ПРЕД ВЛЕЗНАТА ВРАТА НА ЗОРИЦА – ДЕН

ЈАНКО, 45 год. прилично крупен маж, со неуредена брада, груб изглед. Од џебот вади клуч.
Звук: ВРИСОЦИ и ВОЗДИШКИ.
Го става клучот во бравата.

46. ЕНТ. ХОДНИК ВО СТАНОТ НА ЗОРИЦА – ДЕН

Ѕид од ходник. На ѕидот висат 4 скапи слики. Сликите подрипнуваат на ѕидот, уште побрзо и почесто.

Стевица и Зорица на ѕидот.
Расте интензитетот на сексот.
Звук на гласни и брзи УДАРИ.
Расте интензитетот на воздишките.

Влегува Јанко.
Застанува на влезната врата.
Звук: Долг и гласен ОРГАЗАМ.

КРАЈ НА FLASH BACK

Венко само ја наведнува главата.
Зорица зема дим.
Му ја подава цигарата.
Венко се завалува во столицата, зема дим.

FLASH BACK:

47. ЕНТ. ПРЕД ЗГРАДАТА НА ЗОРИЦА – ДЕН

Јанко и Стевица пред полицискиот мотор.

ЈАНКО:
Глеј никад више да не те видам кај мене дома… Пошто и ти и таа курвицата ќе си ебете матер…

СТЕВИЦА:
Јанко… ти забораaш кој ти ги средуе работите, бе? Немој бе брат, па ќе ти затреба нешто…

Стевица го пали моторот и заминува.

КРАЈ НА FLASH BACK

48. ЕНТ. СТАНОТ НА МИРКА

Мирка влегува дома.
МАЈКАТА, 75 год. слаба, со многу брчки, ја пречекува.

МАЈКАТА:
Што се случило???

МИРКА:
Се врати Илија.

Мирка пак плаче.
Мајката ги шири рацете.
Се гушкаат.

49. ЕНТ. СОБАТА НА ИЛИЈА – ДЕН

Илија од под еден кревет вади куфер. Го отвара. Куферот е полн со женски поклони.
Претура. Се обидува да ги селектира.
Ги реди на креветот.

Останува така. Мислите му се на некое друго место.

CUT НА:

50. ЕНТ. СОБАТА НА ИЛИЈА – ДЕН

Илија влегува во собата. Носи палто. Очигледно доаѓа од продавница. Во рацете носи една огромна украсна хартија, и една украсна хартиена торба за поклони.

CUT НА:

51. ЕНТ. СОБАТА НА ИЛИЈА – ДЕН

Илија се обидува да ги спакува сите заедно во големата украсна хартија.
Не му успева.

CUT НА:

52. ЕНТ. СОБАТА НА ИЛИЈА – ДЕН

Илија ги пика сите поклони во хартиената кеса. Тоа не изгледа на поклон. Кесата е преполнета и грдо изгледа. Ја остава ја гледа. Лош израз на неговото лице.

53. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Стевица си ги гледа рацете.

СТЕВИЦА:
Знаеш што све ми има поминато низ рацеве!? Бев ептен копиљ за тие гомна.

FLASH BACK

54. ЕКСТ. СТРЕЛИШТЕ – ДЕН

Стевица и уште НЕКОЛКУ КОЛЕГИ наредени во ред пукаат во мети.
Стевица има најдобри погодоци.
Сите му честитаат.
Еден го тапша по рамото.
Друг го штипе заобразот.
Задовлна насмевка на лицето на Стевица.

КРАЈ НА FLASH BACK

АНА (ОФФ):
Зошто не пробаш да најдеш работа?

СТЕВИЦА (ОФФ):
Со овие раце више не се пука… Ја друго не знам да бидам… ни тоа што знев не бев најбољи… Требаше да му служм на законот и на граѓаните… Ја заебав…

FLASH BACK

55. ЕНТ. НЕКОЈ СТАН – НОЌ

Стевица, и 4-5 СОМНИТЕЛНИ ТИПОВИ употребуваат коктел од дроги.

56. ЕНТ. БУЛЕВАР – НОЌ

Стевица застанува со полициска кола.
Зема еден плик од еден ЧОВЕК што не се гледа добро. Го пика во јакната.

57. ЕНТ. ПОЛИЦИСКА КОЛА – МУГРА

Стевица е во колата уфиксан.
Доаѓа ДРУГ ПОЛИЦАЕЦ, негов колега, чука на стаклото.
Стевица не се поместува.

58. ЕНТ. КАНЦЕЛАРИЈА – ДЕН

Стевица во цивил, во кожна јакна и светли фармерки, ја враќа значката и пиштолот.

59. ЕНТ. СОБАТА НА СТЕВИЦА – НОЌ

Стевица, во истата гардероба од претходната сцена, седи на својот единечен кревет.
На ѕидот и натаму се залепени “славните” тепач.
Стевица го засукува ракавот.
Спрема хероин.
Се боцка.
Се навалува на креветот.

КРАЈ НА FLASH BACK

60. ЕНТ. СТАНОТ НА ЗОРИЦА – ДЕН

Венко седи и ја слуша.

ЗОРИЦА
Два дена порано… бев кај една адвокатка… Сакав да си замине од станот… Беше испизден од тоа… Знаев дека ќе биде срање.

Решив да исчезнам на некое време.

Не му е воопшто сеедно што вака ја открива непознатата страна на Зорица за која мислел дека знае се.
Го менуваат џоинтот.

FLASH BACK

61. ЕНТ. СОБАТА НА ЗОРИЦА – ДЕН

Зорица трча низ собата и собира алишта и други важни работи.
На креветот има отворен куфер.
Зорица ги фрла работите во куферот.
Влегува Јанко.

ЈАНКО:
Што правиш?

ЗОРИЦА:
Тоа што гледаш!

ЈАНКО:
Прашав што правиш!?

Зорица молчи.

ЈАНКО:
Тебе ти зборувам. Јас те изгледав, ја ќе ти кажам што ќе правиш. Разбра!?

ЗОРИЦА:
Тргни се.

ЈАНКО:
И уште еднаш ако те фатам на ѕид со локалните копилиња!

ЗОРИЦА:
Бар не е на трпезариска маса!

Зорица го затвара куферот. Сака да го одмине.
Јанко и мава шамар. Таа го плукнува во фаца. Тој ја претепува до крв.
Зорица паѓа покрај ѕидот. Седи со подигнати колена. И се гледаат гаќичките.
Јанко излегува.
Таа почнува да плаче.
Си го покрива лицето со раце.

КРАЈ НА FLASH BACK

ЗОРИЦА:
Тогаш дојде ти.

ВЕНКО:
Зошто сето тоа го криеше од мене?

ЗОРИЦА:
Сакав за тебе да бидам таква ко што ме сакаш.

ВЕНКО:
Морам да одам.

Венко одеднаш станува.
Си го облекува палтото.

ЗОРИЦА:
Не го убив јас.

ВЕНКО:
Стевица е.

62. ЕНТ. СТАНОТ НА МИРКА – ДЕН

Мирка излегува од тоалетот во бањарка. И со пешкир на главата. Во рацете носи куп млека за тела, креми, маски…

Влегува во друга соба.

ПРЕКУ:

МАЈКАТА (ОФФ):
Мирке, ајде да ручаме, готово е.

МИРКА (ОФФ):
Јас после ќе јадам. Јади ти.

63. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Стевица не ја гледа в очи. Ова му е ногу тешко да го каже.

СТЕВИЦА:
Не ми беше лесно да дојдам, ама многу време осеќам притисок тука во главава (покажува на слепоочницата), сфаќаш!? Ми беше, онака, лошо…

АНА:
Како мислиш?

СТЕВИЦА:
Ана, Ана… ова нема врска со тебе… сфаќаш, со мене има врска… јас осеќам ко нешто да не сум завршил, знаеш… оноа шубе коа знаеш дека си заборавил нешто да направиш, а не можеш да се сетиш што. И си викам да идам кај неа може ќе ми текне!

АНА:
И?

СТЕВИЦА:
Извини… за све.

FLASH BACK

64. ЕНТ. СТАНОТ НА СТЕВИЦА – НОЌ

Ана трча низ ходникот кон тоалетот.
Стевица трча по неа.
Ана влегува во тоалетот.
Стевица ја фаќа за нозе и ја соборува.
Таа фрла во шољата “нешто”.
И успева да ја дофати врвцата од казанчето.
Пушта вода.
Стевица гледа како “нештото” оди во Вардар.
Ја мава со клоци во стомак Ана.

ПРЕКУ:

СТЕВИЦА (ОФФ):
Извини што бев млад и луд и што мислев дека можам на сите можам да им ебам матер, извини што мислев дека е супер да ги имам сите женски во градов, извини што не ти давав да искачаш со другарките, извини што те кршев од ќутек кога сакаше да ме оставиш, извини што те кршев и во некои други ситуации, извини што спиев со тебе и кога не сакаше…. За све извини… Извини што четири години немав муда да дојдам да ти кажам извини… Ух, колку ми е добро… Извини… Извини…. Извини. Извини… Не викај ништо, не е ништо важно – Извини…

Си ги гледа рацете. Му се тресат.

65. ЕКСТ. ПРЕД ЗГРАДАТА НА ИЛИЈА – ДЕН

Илија излегува од влезот на зградата. Во раката ја носи преполната хартиена кеса со подароци.
Оди по улицата.
Го закопчува палтото.
Пред него има контернери. Минува покрај контејнерите. Ја фрла кесата во еден од нив.
Продолжува.

66. ЕНТ. СТАНОТ НА ЗОРИЦА – ДЕН

Зорица стои покрај прозорецот.
Гледа како заминува Венко долу покрај зградата.

67. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Стевица станува.

СТЕВИЦА:
Време е да одам. Те задржав.

АНА:
Драго ми е што те видов.

Ана станува да го допрати.

СТЕВИЦА:
Поздрави го Иван… Ако мислиш… дека нема да се налути што сум дошол.

Звук на ТЕЛЕФОНОТ НА АНА.

АНА:
Чекај минута.

Трча кон телефонот.

АНА:
Немој да спушташ! Немој само добар сум… Не си добар… Дојди си… Иван… Иван…

Ана ја спушта слушалката.
Му се приближува на Стевица.

АНА:
Не е на пат. Реши да се изолира. И сам да живее некое време. Не знам точно каде е. Не знам што му е.

СТЕВИЦА:
Чувај се.

Излегува.

68. ЕНТ. СТАНОТ НА ЗОРИЦА – ДЕН

Зорица седи сама во кулната (трпезаријата), храната е поставена пред неа. Јаде.

69. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА

Ана, пред телевизорот во дневната соба каснува од тостот, пие јогурт.

70. ЕКСТ. КЛУПА – ДЕН

Стевица држи хамбургер и јаде.

71. ЕНТ. РЕСТОРАНТ – ДЕН

Илија седи сам на една маса. Пред него има јадење. Јаде.

72. ЕНТ. СТАНОТ НА МИРКА

Мирка седи на масата за јадење. На масата има поставено само за еден. Таа каснува еден залак. И бавно, бавно го жвака. Од возбуда не може да јаде.

73. ЕНТ. СЕЛСКА КУЌА - ДЕН

ИВАН, 33 год. со пуштена брада изгледа далеку постар од годините што ги има.
Јаде леб, сирење, и селско кисело млеко.

74. ЕНТ. СТАНОТ НА ВЕНКО

Венко седи на масата за јадење. Јаде. Мислите му се на некое друго место.

75. ЕКСТ. ТРОТОАР – ДЕН

Венко излегува од влезот. Чекори по улицата. Ја минува улицата.

76. ЕНТ. СОБАТА НА СТЕВИЦА – ДЕН

Стевица ги изнесува “инструментите за боцкање”.
Звук на SВОНЧЕ.
Набрзина ги враќа на место.
Отвара.
Пред вратата стои Венко.

СТЕВИЦА:
Венко?

ВЕНКО:
Не се радуваш што ме гледаш?

СТЕВИЦА:
Се радувам, секако… Влези.

ВЕНКО:
Не сум за влегување.

СТЕВИЦА:
Погрешно си разбрал.

ВЕНКО:
Што тоа сум разбрал погрешно?

СТЕВИЦА:
Не знам што си разбрал.

ВЕНКО:
Ако не знаеш, како мислиш дека е погрешно?

СТЕВИЦА:
Чекај, јас не сум крив за ништо. Постапив според законот.

ВЕНКО:
Зошто баш мене?

СТЕВИЦА:
Жими све не сум те намести;. Зошто би те местел!?

ВЕНКО:
Тоа дојдов да ми кажеш!

СТЕВИЦА:
Тоа ти кажувам. Немав мотив…

ВЕНКО:
Го видов дека ти се закануваше… Ти знаеше дека нема играње со Јанко…

СТЕВИЦА:
Не, не… Јанко никад ништо немаше да ми направи… Јас бев неговиот човек..

ВЕНКО:

Јас не го убив. Кој го уби?

СТЕВИЦА:
Не знам брат. Јас не.

ВЕНКО:
Како стигнавте до мене?

СТЕВИЦА:
Мирка и Иван дадоа изјави…

ВЕНКО:
Глеј да не лажеш!

СТЕВИЦА:
Имаше докази, јас бев само обичен полицаец!

Венко заминува.
Стефан влегува.

77. ЕКСТ. УЛИЦА СО ПРОДАВНИЦИ – ДЕН

Илија се движи по улицата. Гледа по излозите, и по таблите со имиња на продавниците.
Илија влегува во една продавница. (сега за сега не се гледа за што е продавницата.)

78. ЕНТ. ПРЕД СТАНОТ НА МИРКА – ДЕН

Отвара Мајката.

МАЈКАТА:
Ооооо… Венко…

ВЕНКО:
Тета Васе, Мирка тука е…

МАЈКАТА:
Влегувај…

79. ЕНТ. СТАНОТ НА МИРКА – ДЕН

Дневната соба.
Влегува Венко со Мајката.
Мирка станува. Му приоѓа.
Силно, силно го гушка…

ВЕНКО:
Мораш нешто да ми кажеш?

МИРКА:
Заборави се што се случи…

ВЕНКО:
Не можам… Кажи ми точно како беше…

FLASH BACK:

80. ЕНТ. ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА – ДЕН

Соба за испитување.
Мирка седи спроти ЕДЕН ПОЛИЦАЕЦ. Таа зборува, тој запишува.
На рака.

ПРЕКУ:

МИРКА (ОФФ):
Го кажав само тоа што го видов.

КРАЈ НА FLASH BACK

FLASH BACK

81. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – НОЌ

Во кафулето има луѓе.
На шанкот седат Венко, 26 и Иван, 26.
Венко и Иван се веќе многу пијани.
Венко испива уште една текила.

ВЕНКО:
Вечерва ќе убијам човек. Вечерва ќе убијам свиња. Вечерва ќе го направам овој грозен свет за нијанса поподнослив.

Пие уште една текила на екс.
Мирка носи уште една тура пијачки.

ИВАН:
Ајде да си одиме.

ВЕНКО:
Вечерва ќе го убијам Јанко. Го знаеш Јанко!? Вечерва ќе го направам овој грозен свет за нијанса поподнослив.

Венко ја подига чашата, да наздрават.

ВЕНКО:
За Зорица.

ИВАН:
Зорица, нашата маалска курвица.

Иван се напива.
Венко го удира Иван, го турка на подот и го клоца по лицето и каде се ќе стигне.
Мирка прва дотрчува да го одвои.

МИРКА:

Пијан е Венко, пијан е, не знае
што зборува!

Венко истрчува надвор.

КРАЈ НА FLASH BACK

82. ЕНТ. СЕЛСКА КУЌА – ДЕН

Соба во селска куќа, старовремски и ефино уредена.
Иван седи на креветот, занесен… Мислите му се на некое друго место. Размислува.

83. ЕНТ. СОБАТА НА СТЕВИЦА - ДЕН

Инструментитте за “боцкање” се пред Стевица.
Стевица си ја погодува вената.

84. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Ана седи пред телевизорот со голема пластична здела пуканки.
На телевизорот оди некој филм.

FLASH BACK

85. ЕНТ. СТАНОТ НА СТЕВИЦА – ДЕН

Стевица и Ана водат љубов на единечниот кревет.
Ана не ужива и не учествува.
Стевица тоа не го ни приметува.

CUT НА

86. ЕНТ. ХОДНИК ВО СТАНОТ НА СТЕВИЦА – ДЕН

Ана стои пред вратата.
Раката ја држи за кваката.
Зад неа е Стевица.
Ана без да се заврти:

АНА:
Сакам да ме заборавиш.

СТЕВИЦА:
Молам?

АНА:
Удри ме ако мислеш дека ќе ти биде подобро.

Стевица само ја гледа.

АНА:
Удри ме, така ти е најлесно.

СТЕВИЦА:
Оди си.

Ана ја отвора вратата.
Тргнува да излезе.

СТЕВИЦА:
(довикнува) Мислиш дека ми е гајле за тебе!

КРАЈ НА FLASH BACK

Звук на ЅВОНЧЕ на врата.
Ана станува.

87. ЕНТ. ПРЕД ВЛЕЗНА ВРАТА – ДЕН

Ана се движи низ ходникот од станот.
Венко оди по неа.

ВЕНКО:
Мислиш дека ти верувам? Десет пати доаѓам и десет пати ми кажуваш дека е на пат!? Мислиш дека ти верувам!?

АНА:
Ќе ми веруваш повеќе ако ти кажам дека не знам кај е?

88. ЕНТ. ПРОДАВНИЦА ЗА НАКИТ – ДЕН

Илија пред касата подава кредитна картичка.
ВРАБОТЕНАТА ја прави вообичаената процедура.
Илија излегува.

89. ЕНТ. СТАНОТ НА МИРКА – ДЕН

Мирка седи на троседот и гледа во ѕидниот часовник.

90. ЕНТ. СЕЛСКА КУЌА – ДЕН

Иван го зема в рака мобилниот телефон кој е исклучен.
Го внесува пинот.
На дисплејот се испишува “Ана”.

INTERCUT:

91. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – ДЕН

Ана дига слушалка.

ИВАН:
Те молам најди го Венко, и дај ми сигнал ќе ти се јавам пак.

АНА:
Те молам дојди си.

ИВАН:
Најди го Венко, итно!

CUT НА:

92. ЕКСТ. УЛИЦА – КВЕЧЕРИНА

Венко пешачи по тротоарот.
Една кола, колата на Ана, влегува во спротивен правец, ја сече улицата, улицата е празна, кочи покрај Венко.

93. ЕНТ. СТАНОТ НА ИЛИЈА – ДЕН

Илија седи спроти телевизорот, но не гледа во телевизорот туку во електронскиот часовник на самиот телевизор.

94. ЕКСТ. ПРЕД ЗГРАДАТА НА ЗОРИЦА – КВЕЧЕРИНА

Паркирана кола.
Венко е во колата.
Зорица излегува од влезот.
Влегува во колата.

95. ЕНТ. КОЛА НА ВЕНКО – КВЕЧЕРИНА

Зорица влегува во колата.

ВЕНКО:
Ми требаш.

ЗОРИЦА:
Те молам, немој да направиш некоја глупост.

ВЕНКО:
Затоа ми требаш.

96. ЕНТ. КОЛАТА НА АНА – КВЕЧЕРИНА

Звук на МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН.
Ана дига.

АНА:
Да, да… Доаѓам!

Ана ја врти колата, и со огромна брзина вози.

97. ЕНТ. КОЛАТА НА ВЕНКО – КВЕЧЕРИНА

Венко вози.
Зорица е до него.

ЗОРИЦА:
Каде одиме?

ВЕНКО:
Да го прашам Иван како се осеќа откако јас му ја одлежав

казната, а он не дојде да каже ни фала.

ЗОРИЦА:
Од каде знаеш дека е он?

ВЕНКО:
Нема кој да е. Башка ме викна на разговор.

ЗОРИЦА:
Немој да направиш некоја глупост.

ВЕНКО:
Тешко му е да живее со таква грижа на совест.

98. ЕНТ. СТАНОТ НА ИЛИЈА – КВЕЧЕРИНА

Илија го зема телефонот.
Звук на ТЕЛЕФОН кој бира.

99. ЕКСТ. ПРЕД БОЛНИЦА – КВЕЧЕРИНА
Ана кочи пред Болница.
Излегува од колата трча кон влезнта врата.
Влегува.

100. ЕНТ. КОЛАТА НА ВЕНКО – КВЕЧЕРИНА

Венко застанува.

ЗОРИЦА:
Ќе те чекам тука.

ВЕНКО:
Брзо ќе дојдам.

ЗОРИЦА:
Еј Венко, среќна сум што си тука…

Венко зема бакнеж од сопствената уста, и со дланката го допира стакото од колата.

101. ЕНТ. БОЛНИЧКИ ХОДНИЦИ – ДЕН

Ана трча низ болнички ходници.
Со трчање влегува во една врата, излегува.
Влегува во друга врата излегува.

102. ЕНТ. ТЕКСИ – СТЕМНУВАЊЕ

ШОФЕР го вози таксито.
Во таксито на задботот седиште е Илија.
Илија ја гледа Мирка како излегува од влезот.
И ја отвора вратата.
Мирка Влегува.
Двајцата се многу убави, средени и одтерани.

103. ЕНТ. СОБА НА ИНТЕНЗИВНА НЕГА – ДЕН

Ана влегува во собата во која во кома лежи Стевица.
Ана се приближува до креветот. Со раката поминува по лицето на Стевица.

104. ЕНТ. РЕСТОРАНТ – СТЕМНУВАЊЕ

Илија и Мирка седат еден спроти друг.

ИЛИЈА:
Мислев дека ќе ми простиш кога ќе ме видиш... мислев дека вака ќе биде поедноставно... мразам разделби...

МИРКА:
Мразам кога некој ќе исчезне, макар и да го знам два дена... знаеш зошто? Затоа што ти исчезна.

ИЛИЈА:
Сега сум тука.

МИРКА:
Сега е касно.

ИЛИЈА:
Цело ова време мислев на тебе...

МИРКА:
Тоа не е доволно за љубов... Не ме ни познаваш повеќе...

ИЛИЈА:
Сеуште си мојата Мирка.

МИРКА:
Повеќе сум било чија него твоја. За седум години имав седумдесет момци, во просек по десет... уште мислиш дека сум твоја... за седум години Илија, ликот се заборава...

ИЛИЈА:
Ме заборави?

МИРКА:
Мислиш, дека уште те сакам?

ИЛИЈА:
Не знам. Едно знам. Не го мислиш ова што го збориш.

105. ЕНТ. КОЛАТА НА ВЕНКО – СТЕМНУВАЊЕ

Зорица и склопува очите.

ФЛАСХ БАЦК

106. ЕКСТ. УЛИЦА ПРЕД СУД – ДЕН

ДВАЈЦА ПОЛИЦАЈЦИ го внесуваат Венко, 26 год. во полициска кола.
Влегуваат со него.
Колата тргнува.

На тротоарот меѓу сите луѓе стои и Зорица. Им се сретнуваат погледите.

CUT НА:

107. ЕНТ. СЕЛСКА КУЌА – ДЕН

Иван седи на каучот. Пред него има шише ракија. И две чашки. Од едната се напива.
Влегува Венко.
Неколку мига двајцата молчат.

ВЕНКО:
Што правиш тука?

ИВАН:
Добредојде. Ќе се напиеш?

ВЕНКО:
На брзање сум.

ИВАН:
Заради мене ги одлежа годините.

ВЕНКО:
Сфатив.

ИВАН:
Ама не е така ко што мислиш.

МОНТАЖНА СЕКВЕНЦА:

108. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – НОЌ

Кафулето е празно. Мирка енергично го брише шанкот. По лицето и течат солзи.

На шанк столица, пред неа седи Иван.
Иван станува, влегува во шанкот. И се приближува на Мирка која не престанува да брише. Ја гушнува силно. Со двете дланки ја милува по грбот.
Мирка ја испушта крпата. Го крие лицето во него.
Звук: Мирка плаче на цел глас.

ИВАН:
Јас сум ти секогаш тука.

Влегува Венко. Малку се сепнува.

FLASH BACK

109. ЕКСТ. МААЛО – ДЕН

Иван, 13 год. и Венко, 13 год.
Иван викајќи:

ИВАН:
Личам на фрик? Фрик сум!? Грд сум!? Што ми фали? Правам се што правиш ти! Имам *nike* и 501! Се смешкам, кажувам вицеви, частам жетони за флипери, најбољи сум на фудбал!!! Зошто никој не се дружи со мене? Зошто никој не ми се јавува за на клупа!? Зошто никој не ме кани на роденден, на журка!? Зошто на никоја не и се свиѓам!? Што ми фали? Никој не ми се доверува! Кога сум јас тука сите си шепкаат!!! Никој не ме прашува за совет! Никому не му е гајле како сум! Немам кому да му се пожалам! Немам најбоља другарка, немам најбољи другар! Никогаш не сум имал цура! Никогаш не сум бакнал девојче!

ВЕНКО:
Јас сум ти секогаш тука.

КРАЈ НА FLASH BACK

ВЕНКО:
Има некаков проблем?

110. ЕНТ. КОЛАТА НА ВЕНКО – НОЌ

Венко и Иван седат во колата.

ИВАН:
Остај ме еден саат.

ВЕНКО:
Ок. Ќе дојдам во 10.30.

ИВАН:
Не се лутиш?

ВЕНКО:
Уживај. Ќе одам кај Даница.

ИВАН:
Ти си знаеш. Ај…

Иван излегува од колата.
Венко тргнува.

111. ЕКСТ. ПРЕД СЕДВИЧАРА – НОЌ

Венко подава пари низ шалтерчето.

ВЕНКО:
Два хамбургера со се. За носење.

112. ЕКСТ. ПРЕД ЗГРАДАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

Венко од далеку го гледа Јанко како излегува од влезот. Се качува на чоперот кој е тука паркиран. И заминува.

113. ЕНТ. ПРЕД ВЛЕЗНАТА ВРАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

Венко само чукнува два пати, и ја фаќа кваката.
Отворено е. Влегува.

114. ЕНТ. ДНЕВНАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

Венко влегува. На трпезариската маса ја остава кесата со храна.

ВЕНКО:
Зорица!

Се упатува кон собата на Зорица.

115. ЕНТ. СОБАТА НА ЗОРИЦА – НОЌ

Собата е во неред. Сите работи се на земја, штафелајот е турнат. Сликата е скината. Една четка е фрлена на подот, скршена на две.
На подот, покрај ѕидот, седи Зорица. Облечена е во мини тексас сукња. Седи со свиткани коена. И се гледаат гаќичките. На бутовите има црвенило како од прсти.
Со рацете го крие лицето. Плаче.

ВЕНКО:
Што се случило?

ЗОРИЦА:
Остави ме.

ВЕНКО:

Што се случило!?

ЗОРИЦА:
Сакам да си одиш.

Венко седнува покрај неа. Сака да ја прегрне.

ЗОРИЦА:
Тргни се!

Венко од подот ја зема сликарската четка, скршена на две.

FLASH BACK

116. ЕКСТ. КЛУПА ПРЕД ВЛЕЗ – ДЕН

Венко, 14 год. и Зорица, 13 год. стојат пред влезот.
Венко го симнува ранецот од грб и бара нешто внатре.
Вади мала четка, професионална.
И ја подава.

ЗОРИЦА:
Вистинска е?

ВЕНКО:
Да. За тебе е.

ЗОРИЦА:
Имам вистинска!

ВЕНКО:
За вистински уметници…

Зорица со двете дланки му ја фаќа главата и почнува да го бакнува насекаде по лицето.

КРАЈ НА FLASH BACK

ВЕНКО:

Дали ова често се случува?

ЗОРИЦА:
Оди си.

ВЕНКО:
Дај да видам.

ЗОРИЦА:
Не може!

Венко и ги фаќа рацете, на сила и ги раздвојува.
Лицето на Зорица е крваво и помодрено.

ЗОРИЦА:
Сакам да бидам сама! Разбираш!!!!

Зорица плаче на глас.

117. ЕНТ. МААЛСКО КАФЕ – НОЌ

Истата ноќ. Во кафето има луѓе.
На шанкот седат Венко и Иван.
Венко и Иван се веќе многу пијани.
Венко испива уште една текила.

ВЕНКО:
Вечерва ќе убијам човек. Вечерва ќе убијам свиња. Вечерва ќе го направам светот подобро место.

Пие уште една текила на екс.
Мирка носи уште една тура пијачки.

ИВАН:
Ајде да си одиме.

ВЕНКО:
Вечерва ќе го убијам Јанко. Го знаеш Јанко!? Очувот на

Даница. Вечерва светот ќе го направам подобро место.

ИВАН:
Да ти кажам во доверба… пола свет сака да го скине Јанко… И ќе го скине. Смета…

Венко ја подига чашата, да наздрават.

ВЕНКО:
За Зорица.

ИВАН:
Зорица, нашата маалска курвица.

Иван се напива.
Венко го удира Иван, го турка на подот и го клоца по лицето и каде се ќе стигне.
Мирка прва дотрчува да го одвои.

МИРКА:
Пијан е Венко, пијан е, не знае што зборува!

Венко истрчува надвор.

КРАЈ НА FLASH BACK

ВЕНКО:
Знаеше дека ја сакам!

FLASH BACK

118. ЕКСТ. УЛИЦА – ДЕН

Еден спроти друг стојат Зорица, 25 и Иван, 26 год.

ЗОРИЦА:
Не си мој тип. Вљубена сум во друг.

ИВАН:
Не сум доволно вреден за тебе!?

ЗОРИЦА:
Не си доволно маж за мене.

КРАЈ НА FLASH BACK

ИВАН:
Суетата е поголема и од љубовта.

ВЕНКО:
И, кај си ти во убиството на Јанко?

FLASH BACK

119. ЕКСТ. ДЕЛ ОД УЛИЦА – НОЌ

Иван се движи пијан и повреден по улицата.
Пред него ЕДЕН ЧОВЕК со палка удира по друг човек кој веќе лежи на земја.
ЕДЕН ЧОВЕК се одалечува со трчање.
Иван се упатува кон повредениот човек.

120. ЕКСТ. ДЕЛ ОД УЛИЦА – НОЌ

Јанко, облиен во крв, и во бесознание лежи на улицата.
Иван се приближува.

ИВАН:
Јанко, Јанко!!!

Иван клекнува.

ИВАН:
Како беше ова!?

Иван го пипка Јанко за вратот.
Иван сфаќа дека Јанко е мртов.

ДРУГ ЧОВЕК, излегува на околната тераса, и почнува да вика.

ДРУГ ЧОВЕК:
Убија човек, убија човек.

Иван почнува да трча.

ДРУГ ЧОВЕК:
Момче е. Бега, бега… Фатете го момчето!!!

КРАЈ НА FLASH BACK

ИВАН:
Се усрав од страв.

Венко само го гледа. Нема што да се рече.

ВЕНКО:
Од глупавиот страв не излезе да сведочиш дека ти го виде убиството на Јанко.

ИВАН:
Не бев сигурен што видов. Како и ти.

FLASH BACK:

121. ЕНТ. СКАЛИ ПРЕД ВЛЕЗ ОД ЗГРАДА – НОЌ

Јанко лежи мртов, во крв.
Просторот околу Јанко е обележан со црвени ленти.
ДЕСЕТИНА ПОЛИЦАЈЦИ минуваат наоколу.
Еден полицаец фотографира.

122. ЕНТ. ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА – ДЕН

Соба за испитување.

ВЕНКО:
Не се сеќавам дека го убив.
Можно е да сум го убил.

123. ЕКСТ. УЛИЦА ПРЕД СУД – ДЕН

Двајца полицајци го внесуваат Венко во полициска кола.
Влегуваат со него.
Колата тргнува.
На тротоарот меѓу сите луѓе стои и Зорица. Им се сретнуваат погледите.

124. ЕНТ. СОБА НА ИНТЕНЗИВНА НЕГА – СТЕМНУВАЊЕ

Ана седи покрај Стевица.
Звук на ПОРАКА на незиниот мобилен.

На дисплејот пишува “Порака од Иван”
Ана ја отвара пораката. Пишува “Си доаѓам.”

125. ЕНТ. КОЛА – СТЕМНУВАЊЕ

Венко вози и молчи. Зорица знае колку му треба тој молк.

Зорица само му се навалува на рамото.
Венко ја прегрнува.

126. ЕНТ. СЕЛСКА КУЌА – СТЕМНУВАЊЕ

Иван се пакува. Иван излегува од собата.
Го гаси светлото.

127. ЕНТ. РЕСТОРАНТ – НОЌ

Илија и Мирка вечераат.

ИЛИЈА:
Зошто да не се обидеме?

МИРКА:
(го избегнува одговорот низ шала)
Затоа што ни полкон не ми донесе.

Илија од џебот вади кутивче.
Мирка се потресува. Залакот и застанува во грло.
И го подава.

ИЛИЈА:
Друг пат ќе ти кажам што се случи со твоите поклони. Ова е од тука.

Мирка го отвара.
Обетки се.
Се смее низ солзи.

ИЛИЈА:
Те препаднав.

МИРКА:
Да.

ИЛИЈА:
Мислеше дека е ова?

Од џебот вади друго кутивче.
И го подава.
Солзи течат по лицето на Мирка.
Мирка го отвара.
Тоа е прстен.

ПРЕКУ:

ГЛАС:
Илија и Мирка следната година добија близнаци.

128. ЕНТ. СОБА НА ИНТЕНЗИВНА НЕГА – НОЌ

Стевица лежи. Ана му ја бакнува дланката.

ПРЕКУ:

ГЛАС:
Стевица преживеа. Ана го натера да го започне долгиот пат на лекување. Таа постојано беше покрај него.

129. ЕНТ. КОЛАТА НА ВЕНКО – НОЌ

Венко и Зорица се возат прегрнати.

ПРЕКУ:

ГЛАС:
Венко и Зорица се венчаа на Куба.

130. ЕНТ. СТАНОТ НА АНА – НОЌ

Иван влегува дома.
Ана му се фрла во прегратка.

ПРЕКУ:

ГЛАС:
Иван си дојде дома. Дури после 4 години добија син. Го крстија Давид.

ОДЈАВНА ШПИЦА

КРАЈ